СДСМ

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-322/3
26.11.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68 став 1, и на членовите 68а до 68з од Статутот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Централниот одбор на СДСМ, на седницата одржана на 26.11.2021 година го усвои следниот:

# ПРАВИЛНИК

## за критериумите, начинот и постапката за кандидирање и избор на Претседател на СДСМ за вонредните избори

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник поблиску се уредуваат условите и постапката за кандидирање, постапката и процесот на гласањето, жалбената постапка, правата и обврските на телата за спроведување на изборите, утврдување на гласачките места, објавување на резултатите на гласањето како и други прашања од значење на изборниот процес за вонредни избори за избор на претседател на СДСМ.

**Член 2**

Постапката, начинот и критериумите за кандидирање и избор на Претседателот на СДСМ, се утврдуваат со Статутот на СДСМ, со овој Правилник и со одлуките на Централниот одбор на СДСМ.

Право за кандидирање на изборите за Претседател на СДСМ имаат сите членови на СДСМ кои ги исполнуваат условите и критериумите предвидени со овој Правилник.

**Член 3**

Претседателот на СДСМ се избира на непосредни внатрепартиски избори, во кои учествуваат сите членови на СДСМ, кои се впишани во избирачкиот список на СДСМ, врз основа на спроведена активна регистрација на членство, а во согласност со одредбите од Статутот, овој Правилник и Правилникот за начин и постапка за активна регистрација на членовите на СДСМ.

**Член 4**

Со Одлуката на Извршниот одбор на СДСМ за распишување на вонредни избори за Претседател на СДСМ се определува и датумот на одржување на изборите.

Изборите за Претседател на СДСМ не можат да се одржат по истекот на рокот од 90 дена од денот на распишување на изборите.

Изборите за Претседател на СДСМ се одржуваат во недела од 8 до 19 часот.

**Член 5**

Изборот за Претседател на СДСМ се спроведува со тајно гласање, на избирачките места.

За избран се смета кандидатот за Претседател на СДСМ кој ќе освои мнозинство гласови од вкупниот број на членови на СДСМ кои гласале.

Доколку ниту еден кандидат не го освои потребниот број на гласови од претходниот став, во рок од седум дена се спроведува втор круг на гласање помеѓу двајцата кандидати кои освоиле најмногу гласови во првиот круг.

Доколку двајцата кандидати во вториот круг освојат ист број на гласови, Претседателот на СДСМ помеѓу двајцата кандидати го избира Конгресот на СДСМ.

**Член 6**

За спроведување на изборите во СДСМ се утврдува избирачки список.
Во избирачкиот список се впишуваат сите членови на СДСМ кои активно се регистрирале како гласачи преку процесот на активна регистрација кој се спроведува пред секои избори. Одлуката за вкупниот број на активно регистрирани членови на СДСМ за гласање за Претседател на СДСМ ја донесува ЦИК врз основа на Одлуката за овластување и задолжување на Централната изборна комисија за утврдување на вкупниот број на активно регистрирани членови на СДСМ за гласање за Претседател на СДСМ

## ТЕЛА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**Член 7**

Тела за спроведување на изборите се:
1. Централна изборна Комисија
2. Општинска изборна комисија
3. Избирачки одбор

Членови на телата за спроведување на изборите не можат да бидат кандидати за Претседател на СДСМ.

**Централна изборна комисија**
**Член 8**

Централната изборна комисија се состои од пет члена од кои еден е претседател и еден потпретседател а кои се избрани на Централниот одбор на СДСМ на ден 16.02.2021 со мандат од 4 години
Секој кандидат за Претседател на СДСМ на кој му е потврдена кандидатурата има право да именува еден преставник во ЦИК по свој избор, кој ќе ја следи работата на ЦИК, без право на глас.
Седиштето на ЦИК е во седиштето на СДСМ, за што се обезбедуваат посебни технички, просторни и кадровски услови.
Седниците на Централната изборна комисија ги свикува и со нив раководи претседателот на Централната изборна комисија. Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на ЦИК, седниците на централната изборна комисија ги свикува и со нив раководи потпретседателот на ЦИК.
На седниците на ЦИК се водат записници. Административно-техничката поддршка на ЦИК ја обезбедува Генералниот секретар преку стручната служба на СДСМ.
ЦИК може одлуките да ги носи и по пат на телефон, електронска пошта или по пат на други средства за комуникација (ZOOM и слично). Записникот од ваквата седница на ЦИК задолжително го потпишуваат сите членови што учествувале на неа.

**Член 9**

Централната изборна комисија се грижи за статутарноста во подготовката и спроведување на изборите во согласност со Статутот на СДСМ, овој Правилник и одлуките на Централниот одбор и врши надзор над работата на изборните органи.

Централната изборна комисија:

- Донесува Деловник за својата работа;
- Носи упатства, одлуки и решенија, дава појаснувања и препораки за примената на одредбите на овој Правилник, Статутот и Одлуките на органите на СДСМ кои се однесуваат на прашањата поврзани со изборите;
- Донесува роковник за спроведувањето на изборите во рок од 1 ден од денот на распишување на изборите;
- Го разрешува секој член на изборен орган во случај на постапување спротивно на Статутот, овој Правилник и актите на ЦИК;
- Се грижи за статутарноста во работата на изборните органи и презема мерки кога е констатирана повреда на Статутот, овој Правилник и Одлуките во подготовките, постапката на кандидирањето, спроведувањето и утврдувањето на резултатите на изборите, како и во спроведување на упатствата и препораките дадени од неа;
- Се грижи и е одговорна за севкупна организација, реализација и спроведување на изборниот процес;
- Ја потврдува и објавува листата на кандидати за избор на претседател на СДСМ и со ждрепка го утврдува нивниот редослед;
- Определува единствени стандарди за изборниот материјал и се грижи за негово обезбедување;
- Пропишува обрасци за спроведување на изборите;
- Го определува начинот на ракување и чување на изборниот материјал;
- Го чува изборниот материјал од изборите за претседател на СДСМ;
- Ги сумира и утврдува резултатите од гласањето за листата на кандидати за претседател на СДСМ во рок од 24 часа од часот на затворањето на избирачките места;
- Утврдува и објавува конечни резултати од спроведените избори најдоцна во рок од 72 часа од часот на затворањето на избирачките места;
- Издава уверение на кандидатот избран за претседател на СДСМ;
- Го потпишува Избирачкиот список на СДСМ, односно изводите од Избирачкиот список на кои се гласа најдоцна 7 дена пред денот на одржувањето на изборите и во рок од 24 часа ги доставува до Општинските изборни комисии;
- Со консултација на ОИК ги определува избирачките места;
- Одлучува по приговори врз основа на увид во изборниот материјал (избирачки список, гласачки ливчиња и записници за спроведување на гласањето);
- Ги формира Општинските изборни комисии и ги потврдува избирачките одбори на предлог на ОИК;
- Издава акредитации на овластени претставници на кандидатите за следење на работата на телата за спроведување на избори без право на глас
- За своите седници води записници.

## Општинска изборна комисија

### Член 10

Централната изборна комисија ги ревидира именуваните членови на Општинската изборна комисија односно претседател, потпретседател и тројца членови за секоја Општинска изборна комисија, кои се назначени на предлог на Извршниот одбор на соодветната Општинска организација на СДСМ.

Во случај на измена членовите на ОИК се бираат од редот на членството на Општинската организација кои имаат соодветни знаења и искуство во спроведување на избори, за период од 4 години со право на реизбор.

ОИК ќе ги извршува сите задачи кои во надлежност ќе му ги пренесе ЦИК.

ОИК е обврзан да ги извести сите членови на подрачјето на таа општинска организација каде е нивното гласачко место по пат на телефон, СМС или со електронска пошта, а врз основа на Изводот од избирачкиот список кој ќе им го достави ЦИК.

Доколку активно регистрираниот член не биде известен за неговото избирачко место, истиот има право да се информира за локацијата на избирачкото место во Општинската организација.

ОИК е должен да овозможи во рамки на Општинската организација секој член да изврши увид во избирачкиот список.

Доколку на денот на гласањето, гласачот кој активно е регистриран не е пронајден во избирачкиот список, истиот има право на приговор во рок од 4 часа до ЦИК преку ОИК. ОИК е должна веднаш да го достави приговорот до ЦИК. ЦИК е должна во рок од 2 часа да донесе одлука. Доколку ЦИК го усвои приговорот, ќе го задолжи Избирачкиот Одбор да му дозволи на гласачот да гласа.

ОИК ќе обезбеди целосна поддршка и ќе ја следи работата на избирачките одбори за избирачките места од својата општинска организација.

Секој кандидат за претседател на СДСМ, на кој му е потврдена кандидатурата, има право да именува еден преставник во ОИК кој ќе ја следи работата, без право на глас.

### Член 11

Општински изборни комисии се формираат во Општинските организации на СДСМ и тоа:

1. ОО СДСМ Аеродром
2. ОО СДСМ Арачиново
3. ОО СДСМ Берово
4. ОО СДСМ Битола
5. ОО СДСМ Богданци
6. ОО СДСМ Боговиње
7. ОО СДСМ Босилово
8. ОО СДСМ Брвеница
9. ОО СДСМ Бутел
10. ОО СДСМ Валандово
11. ОО СДСМ Василево
12. ОО СДСМ Вевчани
13. ОО СДСМ Велес
14. ОО СДСМ Виница
15. ОО СДСМ Врапчиште
16. ОО СДСМ Гази Баба
17. ОО СДСМ Гевгелија
18. ОО СДСМ Гостивар
19. ОО СДСМ Градско
20. ОО СДСМ Дебар
21. ОО СДСМ Дебарца
22. ОО СДСМ Делчево
23. ОО СДСМ Демир Капија
24. ОО СДСМ Демир Хисар
25. ОО СДСМ Дојран
26. ОО СДСМ Долнени
27. ОО СДСМ Ѓорче Петров
28. ОО СДСМ Желино
29. ОО СДСМ Зелениково
30. ОО СДСМ Зрновци
31. ОО СДСМ Илинден
32. ОО СДСМ Јегуновце
33. ОО СДСМ Кавадарци
34. ОО СДСМ Карбинци
35. ОО СДСМ Карпош
36. ОО СДСМ Кисела Вода

37. ОО СДСМ Кичево
38. ОО СДСМ Кочани
39. ОО СДСМ Конче
40. ОО СДСМ Кратово
41. ОО СДСМ Крива Паланка
42. ОО СДСМ Кривогаштани
43. ОО СДСМ Крушево
44. ОО СДСМ Куманово
45. ОО СДСМ Липково
46. ОО СДСМ Лозово
47. ОО СДСМ Македонски Брод
48. ОО СДСМ Македонска Каменица
49. ОО СДСМ Маврово Ростуше
50. ОО СДСМ Могила
51. ОО СДСМ Неготино
52. ОО СДСМ Новаци
53. ОО СДСМ Ново Село
54. ОО СДСМ Охрид
55. ОО СДСМ Пехчево
56. ОО СДСМ Петровец
57. ОО СДСМ Пласница
58. ОО СДСМ Прилеп
59. ОО СДСМ Пробиштип
60. ОО СДСМ Радовиш
61. ОО СДСМ Ранковце
62. ОО СДСМ Ресен
63. ОО СДСМ Росоман
64. ОО СДСМ Сарај
65. ОО СДСМ Свети Николе
66. ОО СДСМ Сопиште
67. ОО СДСМ Старо Нагоричане
68. ОО СДСМ Струга
69. ОО СДСМ Струмица
70. ОО СДСМ Студеничани
71. ОО СДСМ Теарце
72. ОО СДСМ Тетово
73. ОО СДСМ Центар Жупа
74. ОО СДСМ Центар
75. ОО СДСМ Чаир
76. ОО СДСМ Чашка
77. ОО СДСМ Чешиново Облешево
78. ОО СДСМ Чучер Сандево
79. ОО СДСМ Штип
80. ОО СДСМ Шуто Оризари

**Член 12**

Централната изборна комисија во рок од 5 дена од денот на донесувањето на Одлуката на ИО на СДСМ за распишување на избориги ревидира општинските изборни комисии. Одлуките со кои се ревидираат општинските изборни комисии, начинот и постапката за нивно ревидирањесе уредуваат со акт на Централната изборна комисија.

**Избирачки одбор**

**Член 13**

Општинската изборна комисија за секое избирачко место го предлага избирачкиот одбор кој се состои од претседател, двајца членови и нивни заменици од општинската организација, кои предлози ги доставува до ЦИК, односно ги ревидира веќе постоечките избирачки одбори.

Сите членови на избирачкиот одбор имаат исти права и обврски.

Секој кандидат за претседател на СДСМ, на кој му е потврдена кандидатурата, има право да именува еден преставник и негов заменик, по сопствен избор од избирачките одбори за следење на изборниот процес, без право на глас.

## ИЗБИРАЧКИ МЕСТА

**Член 14**

Во консултација со Општинските изборни комисии, ЦИК ќе ги определи бројот и описот на избирачките места со посебен акт, во рок од 24 часа од донесувањето на Одлуката за вкупен број на активно регистрирани членови за избор на претседател на СДСМ.

**Член 15**

Едно избирачко место не може да има помалку од 20 ниту повеќе од 500 гласачи.

**Член 16**

Секое избирачко место се означува со броеви.

ЦИК најмалку 7 дена пред изборите, го утврдува списокот на сите избирачки места во соодветната ОО на СДСМ.

**Член 17**

Секое избирачко место мора да биде опремено и уредено на таков начин што ќе се обезбедат соодветен број на паравани заради тајноста на гласањето, така што никој во просторијата не може да види како гласачот го пополнил гласачкото ливче.

Секое избирачко место мора да биде уредено на начин со што ќе се обезбеди почитување на мерките и протоколите на заштита од Ковид-19.

Секое избирачко место мора да има интернет конекција, компјутер и читач за електронска картичка на СДСМ.

**Правила за заштита од Ковид-19 на гласачкото место**

**Член 18**

Во услови на пандемијата на Ковид -19, покрај уредувањето на избирачкото место пропишано со одредбите од овој Правилник, задолжително се обезбедува физичко растојание во согласност со упатствата на Светската здравствена организација помеѓу членовите на избирачкиот одбор од најмалку 1.5 м, како и со сите други лица кои се наоѓаат на избирачкото место.

Сите членови на избирачкиот одбор и нивните заменици за време на работата на избирачкото место и при броењето на гласовите е потребно да се придржуваат кон општите мерки на здравствена заштита, вклучително редовно и темелно миење на рацете / дезинфекција, хигиена на дишните патишта (покривање на устата и носот при кашлање или кивање, правилно отстранување на користени марамчиња), одржување на физичко растојание, избегнување на допирање на лицето и сè заради обезбедување заштита на сопствениот живот и здравје, како и заштита на животот и здравјето на гласачите и сите други присутни на начин пропишан од здравствени власти.

Сите избирачки места мора да бидат темелно исчистени пред отворање и во текот на целиот ден на изборите во редовни интервали, што вклучува чистење во кабините за гласање и масите што се користат за размена на документи и издавање на гласачки ливчиња.

## ПОСТАПКА ЗА КАНДИДИРАЊЕ

**Член 19**

За кандидат за Претседател на СДСМ може да се кандидира лице кое е најмалку 5 години член на СДСМ и најмалку еднаш бил избран од Конгресот на СДСМ за член на некои од органите на Партијата (претседател, заменик претседател, генерален секретар, член на централен одбор и член на надзорен одбор).

Кандидатот мора да ги исполнува пропишаните критериуми во овој правилник и во целост да ги почитувал одредбите од Статутот.

**Член 20**

Во рок од 7 дена по распишувањето на изборите за Претседател на СДСМ, членовите на СДСМ ја доставуваат својата кандидатура за Претседател на СДСМ до ЦИК.

Кандидатурата за Претседател на СДСМ се доставува со пријава за самокандидирање за кандидат за Претседател на СДСМ непосредно до ЦИК, со прилог лична и партиска биографија и програма за работа за 4-годишен период.

Во рок од 1 ден од денот на донесување на Одлука за распишување на избори, ЦИК ги донесува сите потребни акти и обрасци за кандидационата постапка.

**Член 21**

По истекот на рокот од член 20 став 1 од претходниот член, ЦИК ја проверува пријавата за самокандидирање за кандидат за Претседател на СДСМ и пропратните документи.

Кандидатот кој не ги иполнува условите предвидени со овој Правилник, ЦИК ќе ја одбие кандидатурата.

Централната изборна комисија во рок од 1 ден од денот на завршување на рокот за кандидирање ја објавува листата на кандидати за Претседател на СДСМ кои го исполниле условот.

## ПОСТАПКА ЗА ИЗБОРНО ПРЕСТАВУВАЊЕ

**Член 22**

По утврдувањето на кандидатите за Претседател на СДСМ може да има изборно преставување.

При учеството во изборната промоција кандидатите се должни да го почитуваат интегритетот на останатите кандидати и да го штитат дигнитетот на Партијата.

## ПОСТАПКА ЗА ГЛАСАЊЕ

**Член 23**

Општинската изборна комисија е должна на денот определен за одржување на изборите во период од 07 до 08 часот наутро, да го предаде изборниот и техничкиот материјал на избирачките одбори на подрачјето на Општината за која е основана.

За предавањето на изборниот материјал од општинската изборна комисија на избирачките одбори се составува записник во кој треба да се наведе вкупниот број на гласачки ливчиња со соодветната заштита предвидена од ЦИК и друг материјал потребен за гласање.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на избирачкиот одбор и членот на општинската изборна комисија кој го предава материјалот.

Ако присутните претставници на кандидатите за претседател имаат забелешки за предавањето на изборниот материјал, тие имаат право да им се овозможи да бидат евидентирани во

записникот и тие да бидат основа во постапката за заштита на избирачкото право.

Ако на присутните претставници на кандидатите за претседател не им бидат евидентирани забелешките од ставот (4) на овој член во записникот, имаат право забелешките да ги достават до општинската изборна комисија во рок од 5 часа по потпишувањето на записникот.

**Член 24**

Претседателот и членовите на избирачкиот одбор еден час пред почетокот на гласањето се собираат во просторијата за гласање и утврдуваат:

- Дали просторијата е во истата состојба како што ја оставиле на денот пред изборите,
- Дали гласачката кутија е празна.

**Член 25**

Избирачкиот одбор е должен да ја објави потврдената листа на кандидати за претседател на СДСМ на секое избирачко место, со бројот на избирачкото место, пред неговото отворање, на место видливо за гласачите.

Гласањето се врши лично на избирачкото место, со гласачко ливче.

Членот на СДСМ кој не е во можност да гласа на гласачко место (немоќно или болно лице според упатство на ЦИК), а сака да гласа, за тоа ќе ја извести ОИК најдоцна пет дена пред денот определен за гласање.

Гласањето на немоќните и болните лица ќе се изврши еден ден пред денот определен за гласање.

Гласачкото ливче се пополнува со заокружување на реден број пред името на кандидатот.

Важечко гласачко ливче е она од кое е можно да се утврди на недвосмислен начин за кој кандидат гласал гласачот. Неважечко ливче е непополнето гласачко ливче, гласачко ливче исполнето на таков начин што не може со сигурност да се утврди за кој кандидат гласал избирачот и гласачкото ливче на кое гласачот гласал за два или повеќе кандидати.

**Член 26**

Гласањето трае континуирано од 08:00 до 19:00 часот. Доколку од определени причини гласањето не е започнато во 08 часот или е прекинато, истото се продолжува за времето на доцнењето односно времето на прекин.

Избирачките места се затвараат во 19:00 часот, а на гласачите кои во тоа време се затекнале на избирачките места мора да им биде дозволено да гласаат.

Претседателот на избирачкиот одбор или неговиот заменик и два члена или нивни заменици на избирачкиот одбор мора да бидат присутни на избирачкото место за време на гласањето.

Претседателот на избирачкиот одбор или неговиот заменик е должен и овластен да обезбедува ред и мир на гласачкото место за време на гласањето, како и по затворањето на избирачкото место.

Обезбедувањето на ред и мир на гласачкото место го врши секторот безбедност во рамки на Општинската организација, или по потреба и проценка на ОИК, а со одобрување на ЦИК може да се врши и со професионална агенција за обезбедување за што СДСМ склучува посебен договор со овластена агенција.

**Утврдување на идентитет на гласачот**

**Член 27**

Претседателот на избирачкиот одбор или член овластен од него е должен да го утврди идентитетот на секој гласач кој пристапува да гласа и да провери дали е внесен во изводот од избирачкиот список за соодветното избирачко место.
Идентитетот на гласачот се утврдува со електронската членска картичка на СДСМ.

Избирачкиот одбор, по утврдувањето на податоците од картичката го утврдува личниот идентитет на избирачот со важечки документ за идентификација (лична карта или патна исправа), го заокружува неговиот реден број во изводот од Избирачкиот список и избирачот го става својот потпис.

Ако гласач не е запишан во изводот од избирачкиот список, претседателот на избирачкиот одбор или член овластен од него не смее да му дозволи да гласа.
По утврдувањето на правото на глас на гласачкото место, член на избирачкиот одбор му го предава гласачкото ливче на избирачот, му го објаснува начинот на пополнување и го упатува кон параванот за гласање.

**Постапка за пребројување на гласови**

**Член 28**

По завршувањето на гласањето, избирачкиот одбор најпрво ќе ги преброи неискористените гласачки ливчиња и ќе ги стави во посебен плик што ќе биде запечатен.
Избирачкиот одбор го утврдува вкупниот број гласачи кои гласале на тоа избирачко место, според извадокот од избирачкиот список.

Изборниот материјалзаедно со запечатената гласачка кутија, Избирачкиот одбор е должен во рок од најмногу 2 часа да ги достави до Општинската изборна комисија.

**Член 29**

Гласачките ливчиња за избор на Претседател на СДСМ ги пребројува Општинската изборна комисија.
По утврдувањето на бројот на гласачи кои гласале врз основа на записникот на избирачкиот одбор, ОИК пристапува кон отворањето на гласачката кутија, пребројувањето на гласачките ливчиња и бројот на гласови.
Доколку при пребројувањето на гласачките ливчиња се утврди дека нивниот број е поголем од утврдениот број гласачи кои гласале избирачкиот одбор веднаш ја известува Централната изборна комисија.
Ако резултатот од соодветното избирачко место не влијае на разликата помеѓу вкупниот број на гласови помеѓу кандидатите кои ги добиле, тогаш гласањето на тоа изборачко место нема да се повтори.Во спротивно ЦИК веднаш го распушта избирачкиот одбор и назначува нов и утврдува повторување на гласање на тоа избирачко место во рок од најдоцна 7 дена од првото гласање.

**Записник за работа на ОИК**

**Член 30**

Кога Општинската изборна комисија ќе го утврди резултатот од гласањето на секое избирачко место од своето подрачје, таа тоа го запишува во записникот за својата работа кој содржи:

- Број на избирачи внесени во извод од избирачкиот список;
- Вкупниот број на гласачките ливчиња
- Број на избирачи кои гласале според изводот од избирачкиот список;
-Број на важечки ливчиња;
- Број на гласови што ги добил секој кандидат од кандидатската листа;
- Број на неважечки ливчиња;
- Број на неупотребени гласачки ливчиња;
- Сите други факти што се важни за гласање се внесуваат во записникот за работата на ОИК.

Записникот го потпишуваат сите членови на ОИК;

- Ако член на ОИК одбие да го потпише записникот, во записникот се составува службена белешка во која се утврдува фактот на одбивање да се потпише и причините за одбивањето, доколку членот на ОИК ги наведува.

Преставникот на кандидатот може во записникот на ОИК да наведе евентуални забелеши и под истите да се потпише.

Забелешките во форма на приговор да ги достават до ЦИК во рок од 5 часа по потпишување на записникот.

Записникот за работа и другиот изборен материјал ОИК ги доставува до Централната изборна комисија најдоцна во рок од 24 часа од затворањето на избирачките места на подрачјето на соодветната општинска организација.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 31**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.

**СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

Социјалдемократски сојуз на Македонија · СКОПЈЕ ·

**Претседател**
**Зоран Заев**